Република Македонија
Државна изборна комисија

# З А П И С Н И К

## ОД 10–ТА СЕДНИЦА
## НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 02 ФЕВРУАРИ 2016 ГОДИНА

Изготвил
Неда Спасеноска

**ЗАПИСНИК**
од десеттата седница на Државната изборна комисија

Десеттата седница на Државната изборна комисија се одржа на 02 февруари 2016 година во салата за седници во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 18.30 часот.

На седницата присуствуваа:

**Александар Чичаковски** - Претседател на Државната изборна комисија
**Рецеп Прекопуца** – Потпретседателот на Државната изборна комисија.
**Атанас Урумов**- Член на Државната изборна комисија
**Силвана Бонева** - Член на Државната изборна комисија
**Сашо Срцев** - Член на Државата изборна комисија
**Субхи Јакупи**- Член на Државата изборна комисија
**Виолета Дума** – Член на Државната изборна комисија
**Игор Милев**- Член на Државната изборна комисија, и
**Бедредин Ибраими**- Член на Државната изборна комисија, и
Благоја Стојковски – Државен советник.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Александар Чичаковски.

За оваа седница беше предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Правилникот за методологија за целосен пристап, вршење промени и бришење на податоци во Избирачкиот список, како и постапка за спроведување теренска проверка заради ажурирање на истиот по претходна согласност на четирите најголеми политички партии во Собранието на Република Македонија;
2. Усвојување на Правилникот за методологија за водење и ажурирање на Избирачкиот список заснована на проверки и статистички анализи, вкрстени проверки на различни бази на податоци и евиденции, неограничени теренски проверки и други соодветни признати методи на проверка истиот по претходна согласност на четирите најголеми политички партии во Собранието на Република Македонија;
3. Предлог – Стратегија за односи со јавност на Државната изборна комисија;
4. Предлог-Одлука за формирање на тим за односи со јавност на Државната изборна комисија;
5. Разно.

Потпретседателот на ДИК, Реџеп Прекопуца предложи третата и четвртата точка од Дневниот ред со оглед на тоа дека материјалот за истите бара поопсежна анализа, да се префрлат за разгледување на следната седница на Државната изборна комисија.

Претседателот го стави предлогот на гласање и едногласно од членовите беше усвоен со тоа што третата и четвртата точка од Дневниот ред беа префрлени за следната седница на Државната изборна комисија.

Со оглед на тоа дека немаше други предлози за измена и дополнување на дневниот ред Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски, истиот го стави на усвојување:

**Комисијата едногласно го усвои дневниот ред.**

**Точка 1**

Во врска со точката 1 од Дневниот ред, усвојување на Правилникот за методологија за целосен пристап, вршење промени и бришење на податоци во Избирачкиот список, како и постапка за спроведување теренска проверка заради ажурирање на истиот по претходна согласност на четирите најголеми политички партии во Собранието на Република Македонија, образложение даде државниот советник, Благоја Стојковски, кој и за првата и за втората точка истакна дека методологиите беа доставени до четирите политички партии на согласност и одговор од истите беше добиен и тоа: од СДСМ, ДУИ и ВМРО - ДПМНЕ на 01.02.2016 година, додека од ДПА на 02.02.2016 година.

За збор се јави членот на ДИК, Бедредин Ибраими, кој истакна дека Државната изборна комисија сериозно пристапи кон измените од Изборниот законик и ги подготви методологиите. Тој појасни дека не е вистина дека Избирачкиот список ќе се чисти, односно ќе се бришат гласачи од истиот, како што беше објавено од страна на медиумите, туку Избирачкиот список ќе се проверува. Исто така, тој појасни дека политичките партии не ги доставија методологиите до ДИК, туку тие дадоа согласност на методологиите кои беа изготвени од страна на Државната изборна комисија и доставени до четирите политички партии согласно член 31, став 28-е и 28-ж од Изборниот законик. Со оглед на тоа дека политичките партии дадоа согласност на методологиите, Државната изборна комисија може да започне со проверки, односно најпрво таа ќе ги усвои Правилниците. Тој истакна дека се очекува веќе во текот на следната недела да се дојде до одредена бројка која ќе биде предмет на теренска проверка.

Со оглед на тоа дека никој друг не се јави за збор, Правилникот за методологија за целосен пристап, вршење промени и бришење на податоци во Избирачкиот список, како и постапка за спроведување теренска проверка заради ажурирање на истиот по претходна согласност на четирите најголеми политички партии во Собранието на Република Македонија беше ставен на усвојување.

**Комисијата едногласно го усвои Правилникот за методологија за целосен пристап, вршење промени и бришење на податоци во Избирачкиот список,**

**како и постапка за спроведување теренска проверка заради ажурирање на истиот по претходна согласност на четирите најголеми политички партии во Собранието на Република Македонија.**

**Точка 2**

Во однос на втората точка за Усвојување на Правилникот за методологија за водење и ажурирање на Избирачкиот список заснована на проверки и статистички анализи, вкрстени проверки на различни бази на податоци и евиденции, неограничени теренски проверки и други соодветни признати методи на проверка истиот по претходна согласност на четирите најголеми политички партии во Собранието на Република Македонија, никој од членовите не се јави за збор, па истиот беше ставен на усвојување.

**Комисијата едногласно го усвои Правилникот за методологија за водење и ажурирање на Избирачкиот список заснована на проверки и статистички анализи, вкрстени проверки на различни бази на податоци и евиденции, неограничени теренски проверки и други соодветни признати методи на проверка истиот по претходна согласност на четирите најголеми политички партии во Собранието на Република Македонија.**

**Точка 3 – Разно**

За точката разно никој од членовите не се јави за збор.

**Со оглед на тоа дека никој друг не се јави за збор, Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски, констатираше дека дневниот ред е исцрпен и ја заклучи седницата.**

**10-та седница на ДИК заврши во 19:00 часот**

Број 08-279/2
11.02.2016
Скопје

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Александар Чичаковски

*НАПОМЕНА:*
*Составен дел на овој записник е аудио снимка од седницата*